# ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА

## ➢ ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ГРАФИЧКО ИНЖЕНЕРСТВО





**Краток опис на лабораторијата и нејзината намена**

Лабораторијата за графичко инженерство е пред сé наменета за изведување на практична работа со студентите на отсекот за Графичко инженерство. Покрај оваа намена лабораторијата нуди можности и за комерцијално работење за потребите на бизнис заедницата, почнувајќи од графички дизајн, подготовка за печатење, дигитално печатење на сите медиуми за надворешна и внатрешна употреба, класично офсет печатење, сито печатење на хартија, текстил и други подлоги, конфекционирање на хартија, тампон печат и злато печат.

**Опрема со која располага лабораторијата**

Лабораторијата располага со 3 системи за подготовка за печатење, 3 системи за дигитално печатење на медиуми за надворешна и внатрешна употреба во голем формат, една офсет машина, нож за сечење хартија до 80cm, 5 комплети за сито печат, копир рамка, машина за тампон и злато печат. Исто така лабораторијата располага и со мерни инструменти за контрола на квалитет на отпечаток, дензитометри и спектрофотометри, со што се обезбедуваат услови за контролирано печатење согласно пропишани стандарди.

**Какви научно-истражувачки и апликативни проекти може да извршува лабораторијата?**

Лабораторијата за графичко инженерство, кадровски и со опремата со која располага може да изведува истражувачки проекти од областите на дигиталното печатење и класичното офсет и сито печатење, почнувајќи од процесот на подготовка за печатење, преку самиот процес на печатење до завршна графичка обработка, а апликативно лабораторијата е во состојба да ги задоволи сите барања на бизнис заедницата за комерцијално печатење.